# БИЛТЕН НА СКСЗМ

## ЈУЛИ – СЕПТЕМВРИ 2025

Str. Dimitrie Cupovski 13
1000 Skopje, Macedonia
Tel. +389 (0)2 3239 252
oemvp.org

www.oemvp.org

# Содржина

Содржина ........ 1

Вовед ........ 3

1. Владеење на правото, ефективни институции со фискална и финансиска одговорност како суштинска потреба за силна економија на слободниот пазар ........ 4

1.1 Состанок меѓу Раководството на СКСЗМ и Претседателот на Собранието г. Африм Гаши: Во фокус одржлива законска рамка, активна вклученост на бизнисот и институционален дијалог ........ 4

1.2 Состанок на СКСЗМ со Комисијата за заштита на конкуренцијата – Зајакнување на механизмите за фер конкуренција ........ 4

1.3 СКСЗМ на средба со Народната банка – Гувернерот ги поздрави предлозите на СКСЗМ за подобрување на финансиските услови ........ 5

2. Доволна и квалификувана работна сила со разновидна и развојна економија која спречува иселување ........ 6

2.1 Благодарност до над 100 компании од Струга и околината за присуството на овој настан! ........ 6

4. Комора со кредибилитет и локална и регионална вклученост, лидер во заштитата на деловните интереси ........ 7

4.1 СКСЗМ ја пречека Амбасадорката на Јапонија во Скопје, Нејзината Екселенција г-ѓа Кавахара Сецуко – се дискутираше за продлабочување на економската соработка со Јапонија ........ 7

4.2 СКСЗМ оствари средба со раководството на Косовската бизнис алијанса ........ 7

4.3 Свечено отворање на Хотел „ЁMBLA“ во срцето на Струга – уште еден успех на компанијата Trim&Lum ........ 8

4.4 Претседателот Mendi Qyra поднесе оставка, назначен е в.д. претседател г-дин Нухи Алиу. Одржан е 4-тиот состанок на Управниот одбор на СКСЗМ! ........ 8

4.5 СКСЗМ се сретна со Индустриската комора на Коња. Разгледани се можностите за соработка за компаниите членки на двете страни ........ 9

4.6 Состанок со министерот за земјоделство г. Трипуновски – СКСЗМ апелира за долгорочна стратегија за заштита на домашното производство ........ 9

4.7 Извршниот директор на СКСЗМ, г. Дурим Зеќири учествуваше на Регионалната конференција за ESG во WB6 ........ 10

4.8 Средба помеѓу в.д. Претседателот на СКСЗМ, г. Нухи Алиу, и Претседателот на СКСМ, г. Бранко Азески ........ 10

4.9 Се одржа V-тата седница на Управниот Одбор на СКСЗМ. Се дискутираа приоритетите за локален економски развој ........ 11

4.10 СКСЗМ посредува нова соработка помеѓу домашните компании и турските бизниси од градежниот сектор ........ 11

4.11 NEHO ICE CREAM, најновиот член на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија . 12

4.12 СКСЗМ оствари консултативна средба во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини. Дискутирани беа развојот на енергетскиот сектор и предизвиците на бизнисите ..... 12

4.13 СКСЗМ одржа информативна средба со Министерството за животна средина за Регионалниот проект за управување со отпад во Полошкиот регион ..... 13

4.14 Работна средба со Стопанската комора на Дубаи, СКСЗМ ги претстави можностите за соработка во рамките на своето членство ..... 13

Економски Информатор ЕКОНОМИКУС ..... 14

Бизнис Информатор ДОБИА ..... 15

5. Намалување на сивата (неформална) економија, минимизирање на корупцијата и нелојалната конкуренција како предуслов за здрава економска конкурентност ..... 16

5.1 РЕАКЦИЈА ..... 16

6. Односи со јавноста ..... 17

7. Комуникација со членките ..... 18

8. СКСЗМ во медиуми ..... 18

9. СКСЗМ на социјалните мрежи ..... 19

Услуги на СКСЗМ ..... 20

## Вовед

Билтенот на СКСЗМ е документ што се објавува на квартална основа и содржи краток опис на активностите на СКСЗМ за наведениот период на известување. Во третиот квартал, односно периодот Јули – Септември 2025, СКСЗМ со цел реализација на визијата, мисијата и долгорочните стратешки цели на СКСЗМ, организираше бројни активности, продолжувајќи да се етаблира како вистинска и професионална институција насочена кон поддршка и унапредување на бизнисите во земјата и пошироко.

Стратегијата на СКСЗМ за 2024 – 2027 година се заснова на општиот контекст, приоритетите потреби, активностите на другите актери, како и самата нејзина улога и има дефинирани пет стратешки цели. Врз основа на визијата и мисијата, како и долгорочните цели на Комората, во овој период сме посветени кон постигнување на следниве стратешки цели:

1. Владеење на правото, ефективни институции со фискална и финансиска одговорност како суштинска потреба за силна економија на слободниот пазар.
2. Доволна и квалификувана работна сила со разновидна и развојна економија која спречува иселување.
3. Европска држава, членка на ЕУ, со модерни дигитализирани институции и бизниси насочени кон циркуларната економија и обновливите извори на енергија.
4. Комора со кредибилитет и локална и регионална вклученост, лидер во заштитата на деловните интереси.
5. Намалување на сивата (неформална) економија, минимизирање на корупцијата и нелојалната конкуренција како предуслов за здрава економска конкурентност.

**Дурим Зекири**

Извршен Директор

# 1. Владеење на правото, ефективни институции со фискална и финансиска одговорност како суштинска потреба за силна економија на слободниот пазар

## 1.1 Состанок меѓу Раководството на СКСЗМ и Претседателот на Собранието г. Африм Гаши: Во фокус одржлива законска рамка, активна вклученост на бизнисот и институционален дијалог



**11.08.2025, Скопје** - Вршителот на должноста Претседател на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, г. Нухи Алиу, заедно со Извршниот директор, г. Дурим Зекири, Потпретседателот, г. Шпресим Таири, и членот на Управниот одбор, г. Решат Муслиу, остварија средба со Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, г. Африм Гаши.

Средбата имаше за цел зајакнување на институционалната соработка меѓу Собранието и бизнис-заедницата, како и официјално претставување на новиот В.Д. Претседател на СКСЗМ.

## 1.2 Состанок на СКСЗМ со Комисијата за заштита на конкуренцијата – Зајакнување на механизмите за фер конкуренција



**12.98.2025, Скопје** - Висока делегација од Стопанската комора на Северо Западна Македонија, предводена од в.д. Претседателот, г. Нухи Алиу, заедно со Извршниот директор, г. Зекири, Претседателот на Собранието, Почесниот претседател и членот на Управниот одбор, одржа работен состанок со Претседателката на Комисијата за заштита на конкуренцијата, г-ѓа Малинка Силјановска Николиќ, и членови на оваа институција – клучен орган за заштита на фер конкуренцијата и функционирањето на пазарната економија, со широки законски овластувања во спречувањето на монополистички практики.

## 1.3 СКСЗМ на средба со Народната банка – Гувернерот ги поздрави предлозите на СКСЗМ за подобрување на финансиските услови



**13.08.2025, Скопје** - Делегација на Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија, составена од в.д. Претседателот Нухи Алиу, Извршниот директор Дурим Зекири, Почесниот претседател Џемаил Даути, Претседателот на Собранието Назми Ејупи и членот на Управниот совет Агрон Мустафи, оствари официјална средба со гувернерот на Народната банка на РСМ, д-р Трајко Славески.

На состанокот присуствуваа и вицегувернерите д-р Фадил Бајрами и м-р Емилија Нацевска, како и советникот на гувернерот.

# 2. Доволна и квалификувана работна сила со разновидна и развојна економија која спречува иселување

## 2.1 Благодарност до над 100 компании од Струга и околината за присуството на овој настан!



**05.07.2025, Струга** – Министерството за економија и труд, во соработка со Агенцијата за вработување, го презентираа Оперативниот план за вработување, на настанот организиран во Ёmbla Hotel & Spa во Струга.

Планот опфаќа конкретни мерки и директна поддршка за домашните компании, со цел зголемување на вработеноста и зајакнување на приватниот сектор во земјава.

Во рамки на настанот се одржа и панел-дискусија, на која говорници беа: министерот за економија и труд, Бесар Дурмиши, претседателот на СКСЗМ, Mendi Qyra, директорот на Агенцијата за вработување, Сељатин Белули, и портпаролката на Владата на РСМ, Венера Латифи Азизи.

# 4. Комора со кредибилитет и локална и регионална вклученост, лидер во заштитата на деловните интереси

## 4.1 СКСЗМ ја пречека Амбасадорката на Јапонија во Скопје, Нејзината Екселенција г-ѓа Кавахара Сецуко – се дискутираше за продлабочување на економската соработка со Јапонија



**01.07.2025, Скопје –** Стопанска комора на Северо-Западна Македонија оствари средба со Амбасадорката на Јапонија во Скопје, Нејзината Екселенција г-ѓа Сецуко Кавахара, во рамки на континуираните напори за продлабочување на меѓународната економска соработка и создавање нови можности за развој.

Амбасадорката Кавахара беше пречекана од Претседателот на СКСЗМ, г. Mendi Qyra, Извршниот директор г. Дурим Зекири, Потпретседателот г. Шпресим Таири, и членовите на Управниот Одбор, г. Мендерес Кучи и г-ѓа Ќаније Селими.

## 4.2 СКСЗМ оствари средба со раководството на Косовската бизнис алијанса



**01.07.2025, Скопје** – Претседателот на СКСЗМ, г. Qyra, заедно со Претседателот на Собранието на СКСЗМ, г. Ејупи, Извршниот директор, г. Зекири, Потпретседателот, г. Таири, како и членовите на Управниот одбор, г. Кучи и г-ѓа Селими, остварија средба со Претседателот на Косовската алијанса на бизниси, г. Агим Шахини, и претставници на управниот одбор.

Средбата се фокусираше на дискусиите за отстранување на реципроцитетот за купување недвижности меѓу земјите, со што се разгледаа можностите за зајакнување на економската соработка меѓу двете земји, со посебен акцент на подобрување на деловната клима.

## 4.3 Свечено отворање на Хотел „ЁMBLA“ во срцето на Струга – уште еден успех на компанијата Trim&Lum



**11.07.2025, Струга** - со посебна церемонија, во 19:30 часот, беше извршено свеченото сечење на лентата на Хотел „ЁMBLA“, визионерска инвестиција на г. Mendi Qyra и неговата компанија, која на Струга и носи не само нов простор за сместување, туку и симбол на нови стандарди во туризмот и гостопримството.

Овој модерен хотел, изграден со внимание кон традицијата и локалниот карактер, располага со ресторан од околу 1000 метри квадратни и 90 соби, и ќе вработи над 100 лица, со што значително ќе се намали невработеноста во градот, но и пошироко.

## 4.4 Претседателот Mendi Qyra поднесе оставка, назначен е в.д. претседател г-дин Нухи Алиу. Одржан е 4-тиот состанок на Управниот одбор на СКСЗМ!



**25.07.2025, Скопје** – Денес, во просториите на Стопанската комора на Северо-западна Македонија, се одржа 4-тиот состанок на Управниот одбор, свикан од претседателот г-дин Mendi Qyra, во присуство на извршниот директор г-дин Дурим Зекири и претставници на Надзорниот одбор.

На овој состанок, претседателот на СКСЗМ, г-дин Mendi Qyra, во последната точка од дневниот ред, поднесе оставка од функцијата претседател на СКСЗМ.

## 4.5 СКСЗМ се сретна со Индустриската комора на Коња. Разгледани се можностите за соработка за компаниите членки на двете страни



**30.07.2025, Скопје** – Извршниот директор на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, г. Дурим Зекири, оствари средба со претставници на Индустриската комора на Коња, односно со генералниот секретар г. Фатих Бајрактар и други претставници, со цел да се разгледаат можностите за соработка меѓу компаниите членки на СКСЗМ и на ИКК.

На средбата се дискутираше за учеството на претставници на СКСЗМ на саеми во Турција, особено на саемот кој ги поврзува добавувачите и купувачите од одбранбената индустрија, а кој оваа година по осми пат се организира во Коња, Турција.

## 4.6 Состанок со министерот за земјоделство г. Трипуновски – СКСЗМ апелира за долгорочна стратегија за заштита на домашното производство



**14.08.2025, Скопје** - Денес, во просториите на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија се одржа состанок помеѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г. Цветан Трипуновски, и претставници на СКСЗМ. На средбата присуствуваа в.д. Претседателот г. Нухи Алиу, Извршниот директор г. Дурим Зекири, како и членови на Групацијата за земјоделство и рурален развој при СКСЗМ, предводена од координаторот г. Арбен Халили.

Целта на состанокот беше презентација на кампањата на Министерството, која има за цел зајакнување на домашното земјоделско производство и подигање на свеста за квалитетот на македонските земјоделски производи. СКСЗМ и компаниите членки од овој сектор ја поздравија иницијативата, изразувајќи подготвеност да ја поддржат, вклучително и со поставување на логото на кампањата на нивните производи. Истовремено, тие апелираа ова да не остане само привремена иницијатива, туку да има долгорочна континуитет, имајќи ја предвид важноста на овој сектор за националната економија.

## 4.7 Извршниот директор на СКСЗМ, г. Дурим Зеќири учествуваше на Регионалната конференција за ESG во WB6



**20.08.2025, Скопје –** Во просториите на Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија се одржа бизнис средба со делегација од Турција, предводена од г. Рифат Саит. Делегацијата беше пречекана од в.д. претседателот на СКСЗМ, г. Нухи Алиу, извршниот директор, г. Дурим Зекири, како и од компании членки на Комората.

Членовите на СКСЗМ имаа можност да ја претстават својата дејност, отворајќи пат за конкретни можности за билатерална соработка. Во својот говор, г. Алиу нагласи дека СКСЗМ е вистинската адреса каде што секој потенцијален инвеститор може да најде поддршка, сигурни информации за пазарот и директни врски со сериозни компании за партнерство.

## 4.8 Средба помеѓу в.д. Претседателот на СКСЗМ, г. Нухи Алиу, и Претседателот на СКСМ, г. Бранко Азески



**25.08.2025, Скопје** - В.д. Претседателот на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, г. Нухи Алиу, оствари средба со Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, г. Бранко Азески. Средбата беше одбележана со соработка и фокус на зајакнување на институционалните односи меѓу двете комори, кои со години играат клучна улога во претставувањето на интересите на бизнис заедницата во земјата.

Средбата овозможи и размена на идеи и експертиза помеѓу двете институции, со акцент на иницирање на нови и унапредување на постојните иницијативи со цел создавање подобри услови за развој на приватниот сектор.

## 4.9 Се одржа V-тата седница на Управниот Одбор на СКСЗМ. Се дискутираа приоритетите за локален економски развој



**02.09.2025, Скопје** - Стопанската комора на Северо-Западна Македонија ја реализираше V-тата седница на Управниот Одбор, предводена од в.д. Претседателот г. Нухи Алиу, со присуство на членовите на УО, Претседателот на Собранието, Почесниот претседател, како и Извршниот директор г. Дурим Зекири.

За време на седницата беа разгледани и дискутирани повеќе прашања од значење поврзани со целосната реализација на активностите предвидени за претстојниот период, особено во последниот квартал од годината.

## 4.10 СКСЗМ посредува нова соработка помеѓу домашните компании и турските бизниси од градежниот сектор



**11.09.2025, Скопје** – Извршниот директор на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија оствари средба со делегација од Турција, составена од претставници на Генералната дирекција за извоз при Министерството за трговија на Турција, членови на Управниот одбор на Асоцијацијата на извозници на метали, како и претставници на Амбасадата на Турција во РСМ.

На средбата се разговараше за можностите за проширување на економската соработка и за организирањето на Б2Б-настанот, координиран од Министерството за трговија на Турција и Асоцијацијата на извозниците на феро и неферо метали од Истанбул (İDDMİB), каде СКСЗМ учествуваше заедно со своите компании-членки.

## 4.11 NEHO ICE CREAM, најновиот член на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија



**16.09.2025, Скопје** – Во просториите на СКСЗМ, В.Д. Претседателот на Комората, г. Нухи Алиу, Извршниот директор, г. Дурим Зекири, и Оперативната менаџерка, Миранда Ајдини, оствариja средба со Комерцијалниот директор, г. Авни Салиу, и Директорот за извоз и развој на пазарот, г. Сокол Зекири, од компанијата Neho Ice Cream. Целта на оваа средба беше поблиско запознавање со историјата, визијата и развојните планови на компанијата, како и поддршката од СКСЗМ за бизнис секторот.

Neho Ice Cream претставува вистинска успешна приказна, која започна како семеен бизнис, а денес е трансформирана во модерна компанија што нуди над 80 различни видови сладолед. Страста за квалитет и иновации ја направија оваа марка една од најпознатите на домашниот и меѓународниот пазар. Во 2024 година, повеќе од 60% од производството на Neho е пласирано на регионални и европски пазари, претворајќи ја компанијата во вистински амбасадор на локалниот вкус и квалитет надвор од границите.

## 4.12 СКСЗМ оствари консултативна средба во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини. Дискутирани беа развојот на енергетскиот сектор и предизвиците на бизнисите



**15.09.2025, Скопје** – Претседателот на Групацијата за енергетика при Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, г-дин Сами Морина, заедно со Извршниот директор на СКСЗМ г-дин Дурим Зекири, оствариja средба со раководителката на секторот за енергетика, г-ѓа Старделова, и раководителката на секторот за обновливи извори на енергија, г-ѓа Даскалова, при Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

На средбата беа разгледани прашања од значење кои се однесуваат на бизнис заедницата и нивните предизвици поврзани со енергетиката, новиот Закон за енергетика, како и подзаконските акти кои треба да се донесат со цел негово целосно функционализира.

## 4.13 СКСЗМ одржа информативна средба со Министерството за животна средина за Регионалниот проект за управување со отпад во Полошкиот регион



**16.09.2025, Скопје** – Во просториите на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија, раководството на Комората заедно со претставници од Групацијата за градежништво, урбанизам, животна средина и енергетика, одржаа работна средба со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање.

На состанокот беше презентиран Регионалниот проект за управување со отпад во Полошкиот регион, која е прва иницијатива на државно ниво за одржливо управување со отпад и важен чекор кон усогласување со стандардите на ЕУ. Проектот, кој ќе се спроведува во Тетово - Фалиште, предвидува изградба на регионална санитарна депонија според европските стандарди.

## 4.14 Работна средба со Стопанската комора на Дубаи, СКСЗМ ги претстави можностите за соработка во рамките на своето членство



**22.09.2025, Скопје** – Извршниот директор на СКСЗМ, г. Дурим Зекири, Претседателот на Групацијата за земјоделство и рурален развој, г. Арбен Халили, г-ѓа Егзона Алиу како претставничка на Групацијата за туризам и угостителство со компанијата Хотел Actor и оперативната менаџерка, г-ѓа Миранда Ајдини, учествуваа на работната средба организирана од Владата на РСМ, по повод посетата на делегацијата на Стопанската комора на Дубаи. Целта на средбата беше да се истражат можностите за соработка со домашните компании, како и потенцијалот што нашата земја го има за инвестиции.

Средбата беше отворена со пригодно обраќање од страна на премиерот на РСМ, г. Христијан Мицкоски, кој го нагласи приоритетот на Владата за економска стабилност на земјата и привлекување на странски директни инвестиции, но и поддршка на домашните инвеститори.

## Економски Информатор ЕКОНОМИКУС

Во текот на третиот квартал од 2025 година беа објавени 3 изданија на економскиот информатор ЕКОНОМИКУС. Темите презентирани во овој економски информатор се:

- **Економикус бр.6** – Индекси на бројот на работниците во индустријата, мај 2025 година
- **Економикус бр.7** – Индекси на прометот во секторот Трговија, јуни 2025 година, претходни податоци
- **Економикус бр.8** - Превезени патници и стоки, второ тримесечје 2025 година

## Бизнис Информатор DOBIA

Во текот на третиот квартал од 2025 година, членовите на СКСЗМ имаа можност да бидат известени преку бизнис информаторот DOBIA за јавните повици во врска со грантови и можности за финансирање. Во овој период, до членовите беа испратени 6 изданија на информаторот преку електронска пошта, а известувањето за испраќањето на истиот беше дистрибуирано и на социјалните мрежи на Комората.

Повиците кои се опфатени во ова издание на информаторот се:

- **Dobia бр.11** – Јавен повик до работодавачите за вклучување во мерката 5 – Практикантство.
- **Dobia бр.12** – Јавен повик за надомест на дел од трошоците за лаборатории.
- **Dobia бр.13** – Јавен повик за поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти во Република Северна Македонија.
- **Dobia бр.14** – Јавен повик за претпријатија од приватниот сектор кои се подготвени да го поттикнат својот деловен развој преку создавање на нови работни места преку зелени инвестиции.
- **Dobia бр.15** – Јавен повик за отворање на нови работни места во правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) кои сакаат да го прошират и развијат сопствениот бизнис преку користење на кредитни средства.
- **Dobia бр.16** – Јавен повик за аплицирање со проектни за поддршка на мали и средни претпријатија (МСП) во рамките на Приоритет 3 – Интегриран развој на пограничниот регион со специфичната цел (SO) 1: „Зголемување на конкурентноста на локалната економија и подобрување на деловната средина“

# 5. Намалување на сивата (неформална) економија, минимизирање на корупцијата и нелојалната конкуренција како предуслов за здрава економска конкурентност

## 5.1 РЕАКЦИЈА

**20.08.2025** - Условот од мерката на Владата за доделување ваучери во износ од 250 евра за студентите за набавка на лаптопи или таблети, според кој компаниите треба да имаат најмалку две експозитури на територијата на државата, СКСЗМ го оценува како дискриминаторски критериум.




Овој услов ги исклучува поголемиот дел од малите и средни претпријатија, кои во најголем број случаи функционираат само со една експозитура, но сепак нудат квалитетни и професионални услуги и создава нелојална конкуренција, ставајќи ги во привилегирана положба само поголемите оператори.

СКСЗМ ги повикува надлежните институции да ги преиспитаат условите од јавниот повик и да овозможат еднаков пристап за сите компании, со цел да се избегне создавање на нелојална конкуренција и да се обезбеди правичен третман за сите економски оператори.

# 6. Односи со јавноста

- **01.07.2025** - Извршниот директор на OEMVP, г. Дурим Зеќири, за Порталб изјави дека „Самовработувањето е решение не само за младите, туку и за економските предизвици“.

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid0gHGtuiWv1z77gxMifN86VtLJDDBvkPG5u55qRw4NLfn6Hi8PKNqaFEkRJPxwMSfal

- **11.07.2025** - (Видео) Трилинг: Македонија и ЕУ – Внатрешните битки зад европската цел

https://triling.mk/%d0%b2%d0%b8%d0%b4%d0%b5%d0%be-%d1%82%d1%80%d0%b8%d0%bb%d0%b8%d0%bd%d0%b3-%d0%bc%d0%b0%d0%ba%d0%b5%d0%b4%d0%be%d0%bd%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b8-%d0%b5%d1%83-%d0%b2%d0%bd%d0%b0%d1%82%d1%80%d0%b5/

- **23.07.2025** - Извршниот директор на OEMVP, г. Дурим Зеќири, во изјавата дадена за TVM2 во врска со новите мерки најавени од Владата за зголемувањето на цените

https://www.facebook.com/oemvp.org/posts/pfbid06gqLoYc7qkkmYMWjwKxt3ax5XBcS7Srfck1Ej73mhsPRLo4XQa9wHC2Gjp9x2UrFl

- **02.08.2025-** Дурим Зекири: Критериумите на Владата за студентските ваучери треба да се преиспитаат, се дискриминираат малите и средните претпријатија

https://portalb.mk/durim-zeqiri-kriteret-e-qeverise-per-vauceret-e-studenteve-duhet-te-rishqyrtohen-diskriminohen-bizneset-e-vogla-dhe-te-mesme/?fbclid=IwY2xjawOaiflleHRuA2FlbQIxMQBzcnRjBmFwcF9pZBAyMjIwMzkxNzg4MjAwODkyAAEev-iLLsvI2iioprz7VOugwon44RXjbMmmJWkjC6flA6aLywy8PiNl-QiGylw_aem_W9Qbf61nzcHhnFad9aLsKg

- **10.09.2025** - Извршниот директор, г. Дурим Зеќири, за Радио Слободна Европа истакна дека овој јавен повик поттикнува нелојална конкуренција.

https://www.slobodnaevropa.mk/amp/studenti-vaucer-kompjuter-/33521585.html?fbclid=IwY2xjawOainhleHRuA2FlbQIxMQBzcnRjBmFwcF9pZBAyMjIwMzkxNzg4MjAwODkyAAEetXvcuhnry0bwF2TkCC0X8fRPz-na9jDEimKnzO0P5Gyfp___aZHanrf1RuS4_aem_4x0I-u6ijJZQa1QwbRPCvw

## 7. Комуникација со членките

Во текот на третиот квартал на 2025 година, Дескот на услуги има остварено над 1477 контакти со компании на различни форми (телефонски повици и е-пошта), истовремено Дескот за услуги бил контактиран околу 800 пати.

Исто така во првиот квартал, 11 нови компании се зачлениле во СКСЗМ.

## 8. СКСЗМ во медиуми

Во периодот Јули – Септември 2025, претставници на СКСЗМ беа присутни во медиуми 8 пати, од кои:

- Емисии – 5;
- Изјави во ТВ – 2;
- Изјави во печатени медиуми – 1.

Исто така, во истиот период СКСЗМ беше цитирано – над 200 пати.

# 9. СКСЗМ на социјалните мрежи

СКСЗМ, до крајот на првиот квартал на 2025 година, во социјалната мрежа FACEBOOK брои вкупно:

- 8,769 следбеници;

Споредно со претходната година јануари - декември, оваа година заклучно крај на септември, имаме зголемување на следбениците за 3.31%.

Воедно, СКСЗМ е активна и на другите социјални мрежи, и тоа на ИНСТАГРАМ, каде што има вкупно 614 следбеници, и на Линкед ин, со вкупно 371 следбеници.



# Услуги на СКСЗМ

Стопанската Комора на Северо-Западна Македонија е партнер кој им помага на бизнисите на нивниот пат кон деловен успех преку широк спектар на услуги.



**ИНФОРМАТИВНИ УСЛУГИ** – Членовите на СКСЗМ имаат можност да се информираат преку информативни канали во нивните области на интерес како што се: економски информатор ECONOMICUS, бизнис информатор **DOBIA**, правен информатор JURIS и **JURIS ALARM, БИЛТЕН НА СКСЗМ, ПОВИЦИ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ТЕНДЕРИ, РЕГИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ САЕМИ.**




**ПРОМОТИВНИ УСЛУГИ** – СКСЗМ преку своите промотивни услуги, ги поддржува своите членови преку промовирање на истите, вклучително и старт-ап компании, компании кои лансирале нова услуга, компании кои имаат нови промотивни понуди итн. Улогата на комората е истото да го промовира преку: промоција на **Социјалните мрежи**, услуга **„Член за член“ (преку е-пошта), лого на веб-страницата на СКСЗМ, видеа во коридорот на СКСЗМ, промотивни материјали во сала за состаноци на комората како и каталогот TOP 100™.**



**ЦЕНТАР ЗА ОБУКИ** - Центарот за обуки на СКСЗМ е активна за да им служи на компаниите со обуки на различни теми, задоволувајќи ги нивните потреби за обука и за подготовка на нивниот персонал. Обуките се спроведуваат врз основа на **Годишниот план на СКСЗМ или според специфичните барања на членовите.**



**ЦЕНТАР ЗА КВАЛИТЕТ И СТАНДАРДИ** - Стопанската Комора на Северозападна Македонија преку Центарот за квалитет и стандарди на своите членови им нуди: **ISO стандарди, HASSP стандарди, Халал стандарди.**



**КОНСУЛТАЦИИ И АНАЛИЗА** – Оваа услуга вклучува: **Консултации (правни и економски), Финансиска анализа по барање, Услуги за патенти, Услуги за интелектуална сопственост, Барања до институции.**



**ДРУГИ УСЛУГИ** - Сертификат за потекло, Сертификат за потекло-Електронски, Лобирање, Лобирање според индивидуални барања, Покана за виртуелни саеми за поврзување на бизниси со регионот, Административни услуги, B2B состаноци, Пристап до Коморски групи, Покана за настаните на СКСЗМ ( семинари, конференции, самити), Резервирани места на секој настан на СКСЗМ, Асистенција за учество на различни светски саеми, Претставување на интересите на членовите пред државните и меѓународните институции, Ручек со Премиерот/Претседателот/ Министри, Традиционален ифтар, Потврда за членство.



**ТЕХНИЧКИ УСЛУГИ** – Бесплатни места за членовите во канцелариите на СКСЗМ за состаноци и деловни разговори (до 1 час), Сала за еднодневна и повеќедневна употреба (до 15 седишта).




**КАТАЛОГОТ TOP 100™** – Каталогот TOP 100™ на најуспешните компании во Северна Македонија е платформа за вмрежување и промоција, каде што се промовираат успешни бизниси, но и се создаваат нови можности за потенцијални соработки помеѓу постојните членови и потенцијалните членови. Овој каталог нуди одлична можност за компаниите кои сакаат да ги претставaт своите производи и услуги пред широка публика, стимулирачки ја нивната видливост и зајакнување на нивната позиција на пазарот, а воедно правејќи ги компаниите поконкурентни на локалниот и меѓународниот пазар.